# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 6 Септември 2016 година<br>Службен гласник број 11<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, емаил: prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 25 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти по повод одбележување на 25 години независност на Република Македонија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1865/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 06.09.2016 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003, 4/2005 и 8/2011) а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" 62/2004, 89/2008,115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013 и 187/2013), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 06.09.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 25 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа Одлука на 7 септември 2016 година, по повод одбележување на 25 години независност на Република Македонија, во пресрет на Денот на независност, се продолжува работното време на угостителските објекти во општина Прилеп за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност.

Член 2

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, Полициската станица од општа надлежност–Прилеп, градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 25-1863/2 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 06.09.2016 година | на Совет на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Никола Димески |

# *С О Д Р Ж И Н А*

*на Службен гласник на Општина Прилеп бр. 11 од 06.09. 2016 година*

1. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти по повод одбележување на 25 години независност на Република Македонија. ...........................................................................................................................................**Стр.1**

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци